# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Минстерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог закон за изменување и дополнување на законот за управување со конфискуван имот ,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка |
| Одговорно лице и контакт информации: | Владимир Спиркоски – Раководител на одделение |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 22.10.2013 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | ____10.2013 г. |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за | |

| | |
|---|---|
| информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

**1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот**

*1.1 Опис на состојбите*

Овој прдлог на закон се доставува до Владата на Република Македонија зголемување на ефикасноста со привремено одземените предмети.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Во досегашната пректика поголем дел од привремено одземените предмети не беа продавани затоа што судските и управните постапки трае долго . Со предложените одредби од законот се надминува оваа слабост од практиката.

**2. Цели на предлог регулативата**

*Зголемување на ефикасноста во постапувањето со привремено одземените предмети во судска постапка.*

**3. Можни решенија (опции)**

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

*Продолжување на досегашната практика во постапувањето со привремено одземените предмети.*

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

*Пропишување одредби согласно кои:*

*Со членот 1 од предлогот се менува членот 6, односно став 1, алинеја 2, со која со согласност на судот агенцијата управува со привремено конфискуван имот и привремено одземени предмети во кривична постапка со цел да се заштити вредноста на имотот. По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, со која се предвидува надлежност на агенцијата и во управувањето со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и одземени предмети во прекршочна постапка, со цел да се заштити вредноста на имотот.*

*Со членот 2 од предлогот, рокот за известување на агенцијата по донесената одлука на судот или друг орган се продолжува за два дена. Воедно со овој член се менува ставот 2, односно се предвидува рок од 3 дена за предавање на предметите во Агенцијата.*

*Со членот 3 се менува ставот 1, односно се прецизира дека јавното наддавање се врши по електорнски пат. Ставот 2 од истиот член се дополнува во*

однос на објавувањето на продажбата, односно се дополнува дека истата се објавува и во два дневни весници, од кои еден  кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Членот 4 од предлогот го менува членот 37 од законот, а исто како и претходниот член се однесува на објавата на продажбата на одземените недвижности.

Со членот 5 се менува членот 38 од предлогот. Зборот „усно“ кој се однесува на јавното наддавање се брише, а се додава по електорнки пат.

Членот 48 од законот се менува со членот 6 од предлогот. Со новиот предлог Привремено одземен недвижен имот не може да биде предмет на продажба.

Агенцијата со добиена претходна согласност на судот кој ја донел одлуката за привремено одземање во кривична псотапка ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот во кривична постапка доколку процени дека со чувањето на имотот се намалува неговата вредност или трошоците за негово чување се несразмерно големи. Барањето за предходна соглсност за продажба и отстапување, Агенцијата ќе го достави до судот кој донел одлука за привремено одземање подвижен имот во кривична постапка во рок од 10 дена од денот на известувањето за привремено одземениот подвижен имот во кривична постапка.

Согласноста за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот во кривична постапка судот ќе ја донесе во рок од 15 дена од денот на поднесување на барање од страна на Агенцијата.

Агенцијата по применото известување од судот или органот кој донел одлуката  за привремено одземениот подвижен имот во прекршочна постапка ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот во прекршочна постапка доколку процени дека со чувањето на имотот се намалува неговата вредност или трошоците за негово чување се несразмерно големи. Одлуката за продажба и отстапување на привремено одземениот имот во прекршочна постапка Агенцијата ке ја донесе во рок од 15 дена од денот на известувањето за привремено одземениот подвижен имот во прекршочна постапка.

Во случајот од ставовите 2 и 4 на овој член, Агенцијата во рок од 10 дена обезбедува процена на привремено одземениот подвижен имот од страна на овластен проценител или Бирото за судски вештачења.

Со членот 7 се дополнуваат нови ставови во членот.

Со членот 8 се дополнува членот 51 со зборот „обувки“.

*Членот 9 од предлогот предвидува воведување на нов член 51 – а „Известување за одземени предмети“. Имено. Предвидено е Агенцијата за видот на презимениот движен имот да ги извести органите од член 52 во рок од 2 дена од денот на добиеното известување од страна на судот. Воедно се предвидува, органите од член 52 од овој закон своите потреби за предметите од став 1 на овој член ги најавуваат во Агенцијата во рок од 3 дена од денот на добиеното известување од страна на Агенцијата.*

*Со членот 10 се дополнува членот 52 со збороти вте „ став 2 и донесена одлука од страна на Агенцијата согласно член 48 став 4 од овој закон“.*

*Членот 11 го дополнува членот 52 – а со зборовите „и во управна постапка“. Воедно, се додава нов став 2 со кој примената на членот 1 не се однесува на одземените предмети согласно Законот за даночна постапка“.*

*Членот 12 го дополнува членот 59 – б во став 1,2 и 3„ ставови 2 и 3„ се заменуваат со зборовите ставови 2,3 и 4 „.*

*Членовите 13, 14, 15 и 16 се преодни одредби. Со членот 12 се предвидува органите од членот 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник на РМ бр.98/08, 145/10 и 104/13) во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон, привремено одземениот движен имот или одземениот движен имот за кои постапката е правосилано завршена да го предадат на Агенцијата.*

*Членот 14 предвидува органите од членот 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник на РМ бр.98/08, 145/10 и 104/13) кои што располагаат со одземен движен имот за кој што немаат доказ за сопственост и се чуваат подолго од 5 години, должни се со решение одземениот движен имот да го отстапат на Агенцијата.*

*Решението треба да содржи спецификација за секој одземен предмет за опис на видот и количината, индивидуални карактеристики, фото албум и други карактеристики за поблизок опис на предметот.*

*Предметите од став 1 од овој член се предаваат на Агенцијата во рок од 60 дена со записник за примопредавање.*

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

*Ќе бидат зголемени приходите во буџетот по основ на продадени одземени предмети*

*4.2 Фискални влијанија*

*Ќе бидат зголемени приходите во буџетот по основ на продадени одземени предмети*

*4.3 Социјални влијанија*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

**5. Консултации**

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

**6. Заклучоци и препорачано решение**

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

**7. Спроведување на препорачаното решение**

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

**8. Следење и евалуација**

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

*Агенцијата ќе го следи и применува одредбите на привремено одземениот имот.*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

*Континуирано – почнувајќи од октомври 2014*

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 22. 10. 2013

.................................................

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ... СКОПЈЕ

**потпис на државен секретар**